РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Министерство за труд и социјална политика
Бр. 08-707/1
17-01-2019 год.
СКОПЈЕ II

Република Македонија
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

Бр.08-12159/3
14.01.2019 год.
Скопје

Врз основа на член 45 став 1 од Законот за безбедност и здравје при работа („Службен весник на РМ'' (пречистен текст) бр.53/13, 137/13, 164/13, 158/14,15/15, 129/15, 192/15 и 30/16), Министерството за труд и социјална политика донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

На правното лице **Друштво за производство, трговија и услуги ЕЛКО-ИНГ ДООЕЛ Струмица-Подружница: Елко-инг Инспекциско тело Струмица** со седиште на ул. Гоце Делчев бр.1 во Струмица со ЕМБС 4289790 со адреса на деловни простории каде се врши дејноста ул. Гоце Делчев бр.1а во Струмица, **му се дозволува** да врши стручни работи за безбедност при работа :

**1.ПРОЦЕНКА НА РИЗИК,**
**2.КОНЦЕПТ НА ИЗЈАВА ЗА БЕЗБЕДНОСТ,**
**3.РЕДОВНО ТЕСТИРАЊЕ И КОНТРОЛА НА ОПРЕМАТА ЗА РАБОТА(ЕЛЕКТРИЧНИ ГОЛЕМИНИ),**
**4.ИЗРАБОТКА И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМИ ЗА ОБУКА НА ВРАБОТЕНИТЕ ЗА БЕЗБЕДНО ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТАТА И**
**5.ВРШЕЊЕ НА ПЕРИОДИЧНИ МЕРЕЊА НА ФИЗИЧКИ ШТЕТНОСТИ (ТОПЛИНА, БУЧАВА, ОСВЕТЛЕНОСТ И ЕЛЕКТРОМАГНЕТНИ ЗРАЧЕЊА) И НА МИКРОКЛИМАТСКИ УСЛОВИ ВО РАБОТНАТА СРЕДИНА.**

О б р а з л о ж е н и е

Правното лице **Друштво за производство, трговија и услуги ЕЛКО-ИНГ ДООЕЛ Струмица-Подружница: Елко-инг Инспекциско тело Струмица** достави барање бр. 08-12159/1 од 14.12.2018 год. до Министерството за труд и социјална политика надлежно за работите од областа на трудот за добивање на Овластување - дозвола за вршење на стручни работи за безбедност при работа: проценка на ризик, концепт на изјава за безбедност, редовно тестирање и контрола на опремата за работа(електрични големини), изработка и спроведување на програми за обука на вработените за безбедно извршување на работата и вршење на периодични мерења на физички штетности (топлина, бучава, осветленост и електромагнетни зрачења) и на микроклиматски услови во работната средина.

Со пријавата е доставена соодветна документација и докази согласно Правилникот за условите за вработените, организација, техничките и други услови кои треба да ги исполни

правното или физичкото лице за вршење на стручни работи („Службен весник на РМ'' бр. 37/08).

Од извршениот увид во доставената документација и работните простории, како и опремата која ја поседува правното лице, Комисијата за утврдување на условите кај правното или физичкото лице за издавање на овластување за вршење на стручни работи утврди и донесе мислење ИП1 10-31/3 од 10.01.2019 год. дека правното лице Друштво за производство, трговија и услуги ЕЛКО-ИНГ ДООЕЛ Струмица-Подружница: Елко-инг Инспекциско тело Струмица ги исполнува неопходните услови за добивање на дозвола-овластување за вршење стручни работи: проценка на ризик, концепт на изјава за безбедност, редовно тестирање и контрола на опремата за работа, изработка и спроведување на програми за обука на вработените за безбедно извршување на работата во работните простории и вршење на периодични мерења на физички штетности (топлина, бучава, осветленост и електромагнетни зрачења) и на микроклиматски услови во работната средина на ул. Гоце Делчев бр.1а Струмица, а во согласност со Правилникот за условите за вработените, организацијата, техничките и други услови кои треба да ги исполни правното или физичко лице за вршење на стручни работи за безбедност при работа („Службен весник на РМ'' бр.37/08).

Од гореспоменатите причини, Министерството за труд и социјална политика го донесе решението Бр. 08-12159/2 од 14.01.2019 год.

Правна поука: Против решението, барателот може да поднесе жалба во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка од работен однос во втор степен.

Изготвил:
м-р Грозданка Тилева

**По овластување на Министер бр.03-9968/1 од 25.09.2018 година, Раководител на сектор за креирање на политики од областа на трудово право и политики за вработување,**

**Мирјанка Алексевска**